Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20) и член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ", бр. 5/02), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес дава согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес.

**Член 2**

За конституирање на Локалното Собрание на млади се формира Иницијативен одбор.

Првата седница на Иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи највозрасниот член од избраните членови на Иницијативниот одбор.

Иницијативниот одбор го распишува повикот со цел конститутирање на Локално Собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор е составен од пет (5) члена и се формира само за одржување на конститутивно Локално Собрание на млади.

Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани со седиште во Општина Велес, но мора да имаат активности на територијата на Општина Велес.

**Член 3**

Јавниот повик трае седум (7) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Јавниот повик во себе содржи, услови и начин на избор на членовите на Иницијативниот одбор.

Јавниот повик се објавува во електронска форма на интернет страницата на Општина Велес.

Пристигнатите пријави согласно Јавниот повик ќе ги разгледува посебно формирана Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, која ќе даде предлог Мислење до Градоначалникот за избор на членови на ИО.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3143/3
01.07.2022год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

Доставено до:
-Градоначалник
-Одд. за јавни дејности
-Службеник за млади,
-Списи и архива